Врз основа на член 48 од Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/92, 20/2003, 46/2004 и 19/2007), министерот за внатрешни работи донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАСЦИТЕ НА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ВИЗИ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЗА НАЧИНОТ НА ФОТОГРАФИРАЊЕ И ЗЕМАЊЕ НА ПОТПИС ЗА ПАТНИТЕ ИСПРАВИ И ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА**

Член 1

Во Правилникот за обрасците на патните исправи и визи на државјаните на Република Македонија, за начинот на фотографирање и земање на потпис за патните исправи и за водење на евиденција („Службен весник на Република Македонија" бр. 2/93, 54/93, 73/2004 и 40/2007) во член 2-б став 3 во третата реченица зборовите: „кои се однесуваат на посебни околности утврдени од страна на органот кој го издава пасошот (религиозни, медицински или културни)" се заменуваат со зборовите: „поради религиозни, медицински или културни причини".

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 13.1-84552/1
26 декември 2007 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
м-р **Гордана Јанкулоска,** с.р.